Согласно со член 17, алинеа 9 од статутот на Здружението на судиите на Република Македонија, Собранието, на седницата одржана на 20 јуни 2006 година донесе:

# КОДЕКС НА СУДИСКА ЕТИКА

## Преамбула

Појдовна основа на Кодексот за судиската етика е:

- Универзалната декларација за човекови права, која како темелни принципи го признава правото на секој на правично и јавно судење во независен и непристрасен суд, во одредувањето на правата и обврските и за кое било кривично обвинение;

- Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, кој гарантира дека сите луѓе мора да бидат еднакви во судовите и кога се работи за кривични обвиненија и кога се работи за утврдување на правата и обврските во судска парница, почитувајќи го правото на секој на праведно и јавно сослушување и тоа во надлежен, независен и непристрасен суд што е воспоставен (основан) со закон;

- Европската конвенција за човекови права, член 6, став 1: – Секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен, со закон воспоставен суд, да му бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него. Пресудата се изрекува јавно, а новинарите и публиката можат да бидат исклучени за време на целата, или на дел од постапката, во интерес на моралот, јавниот ред или националната безбедност во едно демократско општество, кога тоа го наложуваат интересите на малолетникот или заштита на приватниот живот на страните во спорот, или кога тоа судот го смета за неопходно, затоа што, во посебни околности, публицитетот би можел да им нанесе штета на интересите на правдата.

- Правилното спроведување на правдата – е императив кој зависи од стручното, независното и непристрасното судство за заштита на човековите права и на сите други права;

- Независното судство – како услов и неопходност за остварување на неговата улога на чувар на начелото на владеење на правото и добро правно уредување;

- Вистинскиот извор на судската моќ е, и треба да биде, јавното прифаќање на моралниот авторитет и интегритет (чесност на судиите);

- ”Основните принципи за независност на судството” на Обединетите нации – нужно бараат судиите, индивидуално и колективно да ги почитуваат судските
- функции како јавна доверба и да се стремат кон тоа да ја зајакнат и да ја одржуваат довербата во судскиот систем.

- Темелните вредности на уставниот поредок на РМ: Основните слободи и права на човекот и граѓанинот, утврдени со Уставот и признаени во меѓународното право; владеење на правото и поделбата на власта на законодавна, извршна и судска.

- Основните принципи за спроведување на правдата, според кои судијата донесува непристрасни одлуки врз основа на својата слободна оценка на доказите и со примена на законот, и на истиот не може да му се вршат какви и да се ограничувања, влијанија, поттикнувања, притисок, закана или мешање, директно или индиректно, од било кој и да е субјект и поради која и да е причина.

**Член 1**

**Кодексот на судиската етика е збир на етички начела и правила на однесување кои секој член на Здружението на судиите на Република Македонија се обврзува да ги почитува за време на вршењето на судиската функција.**

Начела на судиската етика се:

1. Независност;
2. Непристрасност;
3. Чесност (интегритет);
4. Пристојност;
5. Професионалност и трудољубивост.

**Член 2**

**НАЧЕЛО НА НЕЗАВИСНОСТ**

**Секој судија ја поддржува и дава пример на судската независност на индивидуално и институционално ниво, зашто тоа е предуслов за праведно судење (спроведување на правдата) и за владеење на правото.**

**Правила на однесување:**

- судијата ја врши судиската функција независно, врз основа на негова оцена на фактите и совесно разбирање и примена на законот, без какви било надворешни влијанија, поттикнување, притисоци, закани или мешање, директно или индиректно од која било страна или од која било причина;
- судијата мора да одбие каков било обид од странките да се влијае врз неговата одлука и во секоја пригода да ја брани независноста на судот од политички притисоци и

влијанија;
• во вршењето на судските должности судијата мора да има свој суд, независно од своите колеги-судии и да покажува и промовира високи стандарди на судиско однесување, за да јакне довербата на јавноста во судската независност.

**Член 3**

**НАЧЕЛО НА НЕПРИСТРАСНОСТ**

**Судијата мора да ја врши судиската функција непристрасно како при донесување на одлуките, така и во водењето на постапките. Непристрасноста е неопходна заради правилно вршење на судиската функција.**

**Правила на однесување:**

• судијата мора да ги извршува своите судиски должности без фаворизирање (наклонетост) предубедувања, предрасуди;
• судијата настојува со неговото однесување во и надвор од судот да ја одржува и зајакнува довербата на јавноста, правничката професија и парничарите во непристрасноста на судијата и судството;
• судијата не смее намерно да дава коментари за можниот исход на судската постапка за случај (предмет) додека тој трае пред него, или може да дојде пред него, или да дава коментари во јавноста, со што би можело да се влијае врз праведното судење на кое било лице или за кое било прашање;
• судијата нема да комуницира со странките за предмет кој е пред судот, без присуство на двете странки или без нивна согласност, освен во случаи предвидени со закон;
• судијата внимава на своето изземање кога не е во можност да донесе непристрасна одлука, односно ќе остави впечаток дека не е во состојба непристрасно да суди.

**Член 4**

**НАЧЕЛО НА ЧЕСНОСТ (ИНТЕГРИТЕТ)**

**Судијата се стреми со своето однесување да придонесува за интегритетот на своето високо звање, да остава впечаток на разумен, праведен и одважен човек.**

**Правила за однесување:**

• судијата мора со своето однесување и со своето држење, како во професионалниот, така и во приватниот живот, да ја потврди довербата на луѓето во чесноста на судството;
• судијата не смее да го користи престижот на судиската функција заради задоволување на сопствени интереси или интереси на семејството или на кој било друг;
• судијата не смее да суди остварувајќи или очекувајќи каква било корист за себе и за друг и е должен да се воздржува од секое однесување во тој поглед;
• судијата и членовите на неговото семејство нема да примаат или бараат каков

било подарок или услуга поврзано со судиската функција.

**Член 5**

**НАЧЕЛО НА ПРИСТОЈНОСТ**

**Судијата,со своето пристојно и културно однесување, придонесува за потврда на својот авторитет и углед и за угледот на судот.**

**Правила за однесување:**

- судијата мора да одбегнува непристојност и с# што изгледа непристојно во сите свои активности како судија;
- судијата е изложен на постојано, критичко јавно испитување, мора да прифати лични ограничувања и да се однесува на начин што е во согласност со достоинството и дигнитетот на судиската функција;
- судијата по изборот мора да прекине со сите партиски и политички активности и да се воздржи од собирање средства за политички цели, присуство на политички собири, учество во јавни дискусии од политички карактер;
- судијата може да им пристапи на здруженија на судии како и да учествува во граѓански и доброволни активности кои не се одразуваат на неговата непристрасност;
- судијата може да пишува, предава и учесвтува во дејности поврзани со законот, правниот систем и спроведувањето на правдата, како и јавно да зборува за неправни работи и да се вклучи во историски, образовни, културни и спортски активности, доколку не го намалуваат достоинството на судиската функција.

**Член 6**

**НАЧЕЛО НА ПРОФЕСИОНАЛНОСТ И ТРУДОЉУБИВОСТ**

**Судијата треба да го одржува и да го унапредува високото ниво на професионална способност вршејќи ја својата должност стручно, совесно, непристрасно, ефикасно и со разумна ажурност.**

**Правила за однесување:**

- судијата ќе настојува да ја усовршува својата професионална компетентност, знаење и вештини врз основа на постојана стручна обука и образование;
- судијата мора да биде посветен на својот позив и на судските должности и не може да врши други должности или активности, ако со тоа ја нарушува довербата и угледот на судот;
- судијата мора да ја врши судиската должност трудољубиво, ефикасно и уредно, чесно и правовремено;
- судијата во постапката пред судот ќе биде трпелив, достоинствен и учтив во односот со странките, со поротниците, сведоците, адвокатите и другите лица со кои доаѓа во контакт.

## Член 7

## ОДГОВОРНОСТ ЗА ПОВРЕДА НА НАЧЕЛАТА

Видот на санкциите и постапката за утврдување на повредите на етичките начела на однесување на овој Кодекс се утврдуваат со посебен Правилник, што го донесува Управнуиот одбор на Здружението, а го потврдува Собранието на ЗСРМ.